Врз основа на член 18 став 1 алинеја 20 и член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20, 77/21, 154/23, 55/24, 193/24 и 247/25), а во врска со член 14 став 1 и член 29 став 2 од Законот за медиуми („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13 и 13/14 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.63/24, 74/24, 218/24 и 87/25), точка 3 алинеја 2 и точка 14 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) арх.бр.01-4241/1 од 1.10.2025 година, Писмениот извештај за извршен административен надзор арх.бр.03-777/1 од 27.2.2026 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 15 седница одржана на 27.4.2026 година, согласно Заклучокот бр.02-1838/3 од 27.4.2026 година го донесе следното

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
NISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУ
УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO D
AUDIOVIZUELE
УП1 Број: / Numer: 03-105
28.04.2026 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

## Решение
## за преземање мерка - јавна опомена

1. ЈАВНО СЕ ОПОМЕНУВА Друштвото за маркетинг, трговија и услуги во медиумите и информирањето НИСТОРИ ДООЕЛ с.Стримница-Желино, издавач на онлајн медиумот – интернет порталот „Нистори“ (www.nistori.mk), заради извршена повреда на член 14 став 1 од Законот за медиуми, на начин што во импресумот на „Нистори“ (www.nistori.mk) не ги објавило податоците за: називот и адресата на седиштето и уредништвото на издавачот на медиумот, името на одговорното лице на издавачот на медиумот и името и презимето на одговорниот уредник, односно уредниците во согласност со внатрешната организација на уредништвото.

Повредата од став 1 од оваа точка, специфицирана е во Писмениот извештај за извршен административен надзор, арх.бр.03-777/1 од 27.2.2026 година, кој е составен дел на ова решение како Прилог бр.1.

2. МУ СЕ НАЛОЖУВА на Друштвото за маркетинг, трговија и услуги во медиумите и информирањето НИСТОРИ ДООЕЛ с.Стримница-Желино, издавач на онлајн медиумот – интернет порталот „Нистори“ (www.nistori.mk), во рок од 20 (дваесет) дена од денот на приемот на ова Решение, да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за медиуми.

3. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

4. Ова Решение е конечно, а како ден на негово донесување се смета денот на неговата заверка во Архивата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

## О б р а з л о ж е н и е

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Агенцијата), врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗАВМУ) и член 29 од Законот за медиуми (ЗМ) надлежна е да врши административен надзор на работењето на издавачите на медиуми од аспект на усогласеноста на нивното работење со обврските од членовите 6, 8, 14 и 15 од ЗМ.

Во согласност со член 23 став 1 алинеја 1 од ЗАВМУ, Советот на Агенцијата против издавач на медиум презема мерка - јавна опомена согласно со овој Закон, во случаите кога е извршена повреда или прекршување на одредбите од ЗАВМУ и подзаконските акти донесени врз основа на истиот, како и на условите и обврските утврдени со дозволата и други акти на Агенцијата.

Во согласност со член 29 став 2 од ЗМ, мерките кои Агенцијата како надлежно регулаторно тело може да ги преземе, а кои се утврдени во ЗАВМУ, соодветно се применуваат и во случај на повреда на одредбите од ЗМ.

Според членот 14 став 1 од ЗМ, издавачот на медиумот е должен на видно место за секој поединечен носител на содржина (на пример примерок од печатен медиум, телевизиска емисија и во делот за импресум на онлајн медиумот – интернет порталот) да обезбеди објавување на следниве податоци: назив и адреса на седиштето и уредништвото на издавачот на медиум, име на одговорното лице на издавачот на медиум, име и презиме на одговорниот уредник, односно уредниците во согласност со внатрешната организација на уредништвото и назив и адреса на печатницата и датумот на печатење или препечатување, како и бројот на печатени примероци, кога се работи за печатен медиум.

Агенцијата во рамките на своите законски надлежности, преку Секторот за стратешко планирање и заштита на авторски права, на 27 февруари 2026 година, изврши редовен административен надзор кај субјектот на надзорот, Друштвото за маркетинг, трговија и услуги во медиумите и информирањето НИСТОРИ ДООЕЛ с.Стримница-Желино, издавач на онлајн медиумот – интернет порталот „Нистори“ (www.nistori.mk), при што констатираше дека не ја исполнил обврската од член 14 став 1 од ЗМ, на начин што во импресумот на „Нистори“ (www.nistori.mk) не ги објавило податоците за: називот и адресата на седиштето и уредништвото на издавачот на медиумот, името на одговорното лице на издавачот на медиумот и името и презимето на одговорниот уредник, односно уредниците во согласност со внатрешната организација на уредништвото.

Повредата од точка 1 од ова Решение, специфицирана е во Писмениот извештај за извршен административен надзор, арх.бр.03-777/1 од 27.2.2026 г., кој е составен дел на ова решение како Прилог бр.1.

Согласно член 23 став 3 од ЗАВМУ, Советот на Агенцијата до Друштвото за маркетинг, трговија и услуги во медиумите и информирањето НИСТОРИ ДООЕЛ с.Стримница-Желино на 4.3.2026 г., испрати Допис Уп1 бр.03-777/2 од 4.3.2026 г., со кој му го достави Писмениот извештај за извршен административен надзор, арх.бр.03-777/1 од 27.2.2026 г., со цел во рок од 7 (седум) работни дена од денот на приемот на дописот, до Советот на Агенцијата да достави изјаснување во писмена форма за стореното прекршување на одредбите од ЗМ. Дописот беше уредно примен од страна на Друштвото за маркетинг, трговија и услуги во медиумите и информирањето НИСТОРИ ДООЕЛ с.Стримница-Желино, на 9.3.2026 г., за што во предвидениот рок истиот не достави писмено изјаснување за стореното прекршување на одредбите од ЗМ. Советот на Агенцијата на седницата одржана на 27.4.2026 г., го разгледа предметниот Писмен извештај и заклучи на Друштвото за маркетинг, трговија и услуги во медиумите и информирањето НИСТОРИ ДООЕЛ с.Стримница-Желино, да му се изрече мерка – јавна опомена.

Следствено на горенаведеното, врз основа на член 18 став 1 алинеја 20 и член 23 став 1 алинеја 1 од ЗАВМУ, а во врска со член 14 став 1 и член 29 став 2 од ЗМ, точка 3 алинеја 2 и точка 14 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка и Писмениот извештај за извршен административен надзор арх.бр.03-777/1 од 27.2.2026 г., поради констатирано непочитување на одредбите од ЗМ, утврдено во точка 1 на ова Решение, Советот на Агенцијата на 15 седница одржана на 27.4.2026 г., согласно Заклучокот арх.бр.02-1838/3 од 27.4.2026 г. донесе Решение со кое јавно се опоменува Друштвото за маркетинг, трговија и услуги во медиумите и информирањето НИСТОРИ ДООЕЛ с.Стримница-Желино, издавач на онлајн медиумот – интернет порталот „Нистори“ (www.nistori.mk), и му се наложува во рок од 20 (дваесет) дена од денот на приемот на ова решение, да го усогласи своето работење со одредбите од ЗМ. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

Согласно член 24 ставови 1 и 2 од ЗАВМУ, ова Решение е конечно и против него издавачот на онлајн медиум – интернет портал може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

Врз основа на горе наведеното, се донесе решение како во диспозитивот.

**Прилог (1):**

1) Писмен извештај за извршен административен надзор, арх.бр.03-777/1 од 27.2.2026 година.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот,**

**м-р Сашо Стефановски**

**Правна поука:** Против ова решение издавачот на онлајн медиум – интернет портал може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Доставено до:**

- Друштвото за маркетинг, трговија и услуги во медиумите и информирањето НИСТОРИ ДООЕЛ с.Стримница-Желино, издавач на онлајн медиумот – интернет порталот „Нистори“ (www.nistori.mk);
- Управителот на Друштвото за маркетинг, трговија и услуги во медиумите и информирањето НИСТОРИ ДООЕЛ с.Стримница-Желино, издавач на онлајн медиумот – интернет порталот „Нистори“ (www.nistori.mk);
- Секторот за правни работи и јавни набавки;
- Секторот за стратешко планирање и заштита на авторски права; и
- Назначените лица во Агенцијата за водење на уписникот Уп 1.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: Pranuar: | | 27.02.2026 | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Nj.org. | Број: / Numer: | Прилог: Shtojce: | Вредност: Vlera: |
| 03 | 777/1 | | |


**До: д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20, 77/21, 154/23, 55/24, 193/24 и 247/25) и член 29 од Законот за медиуми („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 63/24, 74/24, 218/24 и 87/25), се доставува

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР

1. **Вид надзор:** редовен

2. **Субјект на надзорот:** Друштво за маркетинг, трговија и услуги во медиумите и информирањето НИСТОРИ ДООЕЛ с.Стримница-Желино, издавач на онлајн медиумот-интернет порталот „Нистори“ (www.nistori.mk).

3. **Датум на извршување на надзорот:** 27 февруари 2026 година

4. **Предмет на надзорот:** Надзорот се врши за да се констатира дали издавачот на онлајн медиумот-интернет порталот ја исполнува обврската од член 14 став 1 од Законот за медиуми, според која е должен, во делот за импресум на онлајн медиумот – интернет порталот да обезбеди објавување на следниве податоци:

   - назив и адреса на седиштето и уредништвото на издавачот на медиум,
   - име на одговорното лице на издавачот на медиум, и
   - име и презиме на одговорниот уредник, односно уредниците во согласност со внатрешната организација на уредништвото.

5. **Претходно изречена мерка:** Нема

6. **Констатации од надзорот:** Со надзорот е констатирано дека Друштвото за маркетинг, трговија и услуги во медиумите и информирањето НИСТОРИ ДООЕЛ с.Стримница-Желино, издавач на онлајн медиумот-интернет порталот „Нистори“, не ја исполнило обврската од член 14 став 1 од Законот за медиуми.

7. **Опис на прекршувањето:** Друштвото за маркетинг, трговија и услуги во медиумите и информирањето НИСТОРИ ДООЕЛ с.Стримница-Желино, во импресумот на „Нистори" (www.nistori.mk) не ги објавило податоците за:

- називот и адресата на седиштето и уредништвото на издавачот на медиумот;
- името на одговорното лице на издавачот на медиумот; и
- името и презимето на одговорниот уредник, односно уредниците во согласност со внатрешната организација на уредништвото.

8. **Предлог мерка:** Имајќи го предвид констатираното прекршување на член 14 став 1 од Законот за медиуми („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 63/24, 74/24, 218/24 и 87/25), а согласно член 23 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 42/20, 77/21, 154/23, 55/24, 193/24 и 247/25), се дава следната предлог мерка:

- Советот на Агенцијата да донесе решение за преземање мерка - јавна опомена на Друштвото за маркетинг, трговија и услуги во медиумите и информирањето НИСТОРИ ДООЕЛ с.Стримница-Желино, издавач на онлајн медиумот-интернет порталот „Нистори", и во согласност со Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст - бр. 01-4241/1 од 1.10.2025 година), да му наложи во рок од 20 дена од денот на приемот на решението за преземање мерка - опомена, да го усогласи своето работење со член 14 став 1 од Законот за медиуми; и

- Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот постапил по изречената мерка јавна опомена (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на Советот на Агенцијата.

***Сектор за стратешко планирање и заштита на авторски права***